МЕЃУНАРОДЕН ЦЕНТАР ЗА СЛАВЈАНСКА ПРОСВЕТА - СВЕТИ НИКОЛЕ

# «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»

## (ФИЛОЗОФИЈА, ЛИНГВИСТИКА И КУЛТУРОЛОГИЈА)

# СПИСАНИЕ

**на научни трудови**

## СЕДМА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“

*Година III* *Број 4* *Јуни 2016*

- СВЕТИ НИКОЛЕ, Р. МАКЕДОНИЈА -

- 2016 -

**Издавач:** Меѓународен Центар за Славјанска Просвета - Свети Николе

**За издавачот:** Доц. д-р Јордан Ѓорчев, директор

**Наслов:** «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД» (ПСИХОЛОГИЈА, ФИЛОЗОФИЈА, ЛИНГВИСТИКА, КУЛТУРОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ)

**Организационен одбор:**
Претседател: Доц. д-р Јордан Ѓорчев
Заменик претседател: Проф. д-р Владислав М. Јурјев
Член: м-р Борче Серафимовски

**Уредувачки одбор:**
Проф. д-р Душан Николовски – Р. Македонија
Доц. д-р Александар Илиевски – Р. Македонија
Проф. д-р Мирослав Крстиќ – Р. Србија
Проф. д-р Здравко Гаргаров – Р. Бугарија
Доц. д-р Хаџиб Салкич – Р. Босна и Херцеговина
Д-р Татјана Осадчаја – Русија

**Технички раководител:** Михаела Ѓорчева

**Технички секретар на конференцијата:** Милена Спасовска

**Уредник:** Доц. д-р Јордан Ѓорчев

**Компјутерска обработка и дизајн:** Благој Митев

**ISSN (принт)** 1857-9299
**ISSN (онлајн)** 1857-9302

**Адреса на комисијата:** ул. Маршал Тито 77, Свети Николе, Р. Македонија

**Контакт телефон:** +389 (0)32 440 330

**Организациониот одбор им се заблагодарува на сите учесници за соработката!**

**Напомена:**

Организациониот одбор на Седмата меѓународна научна конференција «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во списанието. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во списанието е на самите автори на трудовите.

**Печати:** Печатница БУБАМАРА-ХИТ, Свети Николе

**Тираж:** 100

Година 3, Број 4, Јуни 2016, Свети Николе, Република Македонија

МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ

# ИСТОК - ЗАПАД

(ФИЛОЗОФИЈА, ЛИНГВИСТИКА И КУЛТУРОЛОГИЈА)

# СОДРЖИНА

*Проф. д-р Виолета Николовска*
**ЗА МЕТАФОРИЧНИТЕ КОНЦЕПТИ И КУЛТУРАТА** 1

*Елена Яковлева*
**ПРОБЛЕМА ИДЕНТИЧНОСТИ В ТРУДАХ ТАТАРСКОГО ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ** 7

*Доц. д-р Стојанов Трајче*
**ПЛАТОН VS. АРИСТОТЕЛ** 13

*Јоана Хаџи-Лега Христоска*
**ГРЕШКИ ПРИ ТРАНСКРИПЦИЈАТА НА ФРАНЦУСКИТЕ СОПСТВЕНИ ИМИЊА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК** 17

*Игорь Евлампиев,*
**ЛИБЕРАЛИЗМ И СВОБОДА** 23

*Виктор Куприянов*
**ТЕЛЕОЛОГИЧЕСКАЯ КОНЦЕПЦИЯ ГОСУДАРСТВА В РУССКОЙ ПОЛИТИЧЕСКОЙ ФИЛОСОФИИ** 29

*Лариса Чович*
**ИНТЕРПРЕТИРУЮЩИЙ ПОТЕНЦИАЛ ПАРЕМИЙ В ПРОЦЕССЕ ПЕРЕВОДА НА БЛИЗКОРОДСТВЕННЫЙ ЯЗЫК** 35

*Бранимир Чович*
**ПЕРВЫЙ УЧЕБНИК ПО ХУДОЖЕСТВЕННОМУ ПЕРЕВОДУ И ЛИНГВОСТРАНОВЕДЕНИЮ У СЕРБОВ** 43

*Д-р Благојка Здравковска-Адамова*
*М-р Александра П. Танеска*
**СОВРЕМЕНИ ЛИНГВИСТИЧКИ ПРОУЧУВАЊА: ТЕКСТ И/ИЛИ ДИСКУРС** 53

*Мещерина Е.Г., Гузенина С.В.*
**ПСИХОЛОГИЗМ КАК ОСНОВА «КРАСОТЫ – ПРАВДЫ» В РУССКОЙ ЖИВОПИСИ ВТОРОЙ ПОЛОВИНЫ XIX ВЕКА** 59

*Фёдоров А.И., Кузнецова Т.В., Ежов С.Ю.*
**ВС. Н. ИВАНОВ О РОЛИ РУССКОЙ КУЛЬТУРЫ В ДИАЛОГЕ «ВОСТОК – ЗАПАД»** 65

*Гузенина С.В.. Краснова Л.В., Сухомлинова М.В., Гузенина Е.О.*
**К ВОПРОСУ О КУЛЬТУРНОМ НАСЛЕДИИ** 71

*Макарцева Н.Н.*
**ТРАДИЦИОННАЯ ЭТНИЧЕСКАЯ КУЛЬТУРА В КОНТЕКСТЕ АКТУАЛЬНЫХ ПРОБЛЕМ СОВРЕМЕННОСТИ** 77

*Пантелеј Кондратјук*
**НЕВИДЛИВИОТ ДИСКУРС НА СМРТТА ВО КНИЖЕВНОТО ТОЛКУВАЊЕ – „ФИЛОСОФЕМА НА ЧИСТИОТ ИДЕНТИТЕТ НАРЕЧЕН СМРТ“ ОД АВРААМОВАТА ЖРТВА СЕПАЛЕНИЦА НА СИНОТ ИСААК ВО ЈУДЕОХРИСТИЈАНСКОТО ПРЕДАНИЕ, ДО САМОУБИСТВОТО НА ПИСАТЕЛОТ ВО ХОЛОКАУСТОТ НА СОПСТВЕНОТО КНИЖЕВНО ПИСМО** 83

*Д-р Билјана Нацковска - Вељковиќ*
**ПРИМЕНАТА НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕТИКА КАЈ ПОМАГАТЕЛНИТЕ ПРОФЕСИИ ВО СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА** 91

*Проф. д-р Мирко Ѓошевски*
**НАУКАТА ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ: БЕЗ ПРЕЦЕНУВАЊЕ И ПОТЦЕНУВАЊЕ** 97

*Трендевска Сандра*
**СОВРЕМЕНИТЕ ЛИНГВО-КУЛТУРОЛОШКИ ТЕНДЕНЦИИ** 105

*Душица Ѓокиќ*
**НИЧЕ И ФИЛОСОФСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ: МИСЛИТЕЛОТ ВО СЕНКАТА НА СОВРЕМЕНАТА ДРЖАВА** 111

*Марија Тодоровска,*
**ОСНОВАЊЕТО НА БИОЕТИКАТА КАКО ЕТИКА ПРИМЕНЕТА НА ПРАШАЊАТА ПОВРЗАНИ СО ЖИВОТО(Т)** 117

*Д-р Ангелина Јаневска*
**ФИЛОЗОФИЈАТА И ОПШТЕСТВОТО ВЛИЈАНИЕТО НА МАТЕРИЈАЛНАТА КУЛТУРА** 123

*Наталья Лапаева-Ристеска*
**РУССКАЯ КЛАССИКА В СОВРЕМЕННЫХ ПОСТАНОВКАХ МАКЕДОНСКИХ ТЕАТРОВ: ВЕРСИИ** 129

*вон. проф. д-р Марјана Ванева*
**ЗА ЕДЕН КРЕАТИВЕН ВИД НА НУЛТА НА ДЕРИВАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК: ОД ПРИЛОГ ВО ИМЕНКА** 135

*Макарцева Н.Н.*
**К ВОПРОСУ О МЕНТАЛЬНОСТИ РУССКИХ** 139

*Махрачев Георгий Сергеевич*
**ИЗУЧЕНИЕ АРХЕОЛОГИЧЕСКИХ КУЛЬТУР ТАМБОВСКОЙ ОБЛАСТИ НА МАТЕРИАЛЕ РАСКОПОК ДАВЫДОВСКОГО ГОРОДИЩА** 145

*Наталия Федоровна Полякова*
**ХРОНОТОП ЖИЗНЕННОГО ПУТИ ГЛАВНОГО ГЕРОЯ В ПОВЕСТИ А.Н. ТОЛСТОГО «МИШУКА НАЛЫМОВ (ЗАВОЛЖЬЕ)»** 151

*Проф.д-р Христо Петрески*
**ФОТОГРАФИЈАТА, СЛИКАРСТВОТО И ФИЛМОТ КАКО ПРОПАГАНДА** 157

*Татьяна Махрачева[1] (Tatyana Makhrachova), Сергей Махрачев[2] (Sergey Makhrachov)*
**ИЗУЧЕНИЕ РУССКИХ ГОВОРОВ: ЛИНГВОГЕОГРАФИЧЕСКИЙ АСПЕКТ** 163

ОБЛАСТ

# ФИЛОЗОФИЈА, ЛИНГВИСТИКА И КУЛТУРОЛОГИЈА

130.2.1(38)

Доц. д-р Стојанов Трајче
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
trajce.stojanov@ugd.edu.mk

# ПЛАТОН VS. АРИСТОТЕЛ

(философско-религиските основи на културните разлики во Европа)

Современиот човек, сиот втурнат во емипириското и фактографското, не може да проникне во подлабоките, скриени основи на духовниот менталитет на едно општество. На денешниот човек сосема легитимно му изгледа да се запраша: дали е можно културата да биде религиозно и философски детерминирана? Тој попрво би се согласил да ги признае нејзините матреријални основи и да ја третира културата како надградба - според познатата Марксова поделба на материјална база и идејна надградба – отколку да признае дека духот на современието во своите основи има религиозни димензии.

Но една подлабока анализа ќе ни покаже дека културните идентитети и духовноста воопшто, се фундирани во многу подлабоки онтолошки длабочини отколку што на прв поглед се чини. Есејов има за цел да ги покаже тие онтолошки нивоа на кои лежи духовноста во културата, и тоа низ следниов методолошки пристап: да осветли некои историски религиозни и философски идеи од антиката до денес, да ги компарира Источниот и Западниот културен менталитет за да ги посочи специфичните философско - религиозни обележја кои ги оформиле културните идентитети. Притоа поимот „култура" ќе биде сфатен во најшироко значење во кој влегуваат сите човекови творби од материјала и духовна природа како и специфичната духовност и идеологија во дадените општества, а дистинкцијата, пак меѓу Истокот и Западот се однесува на Западно – европските (католички и протестантски) и источно – европските (православни) земји.

Имено, сакаме да покажеме дека сегашната состојба во културната свест е резултат на долготрајно историско ферментирање на религиозни и философски теории кои оставиле типичен белег како на Истокот така и на Западот и низ овие разлики да докажеме дека духовните физиономии и културните феномени не се само актуална надградба на конкретните материјални околности, туку дека дури можеби и напротив, идејно-духовните карактериситки и менталниот склоп на луѓето создале токму таква материјална база. Значи не база па надградба, материја па идеја, туку можеби токму спротивното - идеја па материја.

Можеби Ренесансот бил прав кога инсистирал на враќање на античкиот дух и ревитализирање на античките идеи. Оти навистина, ништо ново под сонцето. Во извесна смисла сите подоцнежни наводно ултра - оригинални идеи можат, во зачетоци да се најдат во античката култура. Во таа смисла и ние ќе се навратиме на историјата на идеите во античка Грција и ќе го проследиме развојот на тие идеи низ Средновековието, Ренесанот и Новиот век.

Во античка Грција двете најмаркантни имиња - Платон и Аристотел, како да ја имаат судбината да ги поделат лугето на идеалисти и материјалисти, рационалисти и емпиристи, а со тоа да им дадат специфичен тон на културите. Имено, Платон го создаде објективниот идеализам и постоечкото го подели на

два дела: на материјален и минлив, земјен свет и на идеален и вечен, небесен свет. Притоа за вистински реален го прогласи светот на идеите светот на небото од кој зависи материјалниот свет, светот на земјата. Со ова Платон и не сакајќи ќе формулира една философија на ескапизам и вистинските вредности и смислата на постоењето воопшто ќе ги бара во идеалните сфери на битието. Вакавата философија на Платон, во понатамошниот развој од неговите следбеници, ќе доведе до неповратно разделување на светот на две, ќе го востоличи манихејскиот дуализам и нормално, на крај и ќе заврши во миситцизам. Така, неоплатонизмот на чело со Плотин и Ориген ќе ја доведе Платоновата теза до нејзините крајни консеквенци и ќе ја преобликуваа неговата мисла од философска во повеќе или помалку религиозна. Така, неоплатонистичките идеи директно ќе ја инспририраат Источната христијанска мисла и ќе го оформат источно - хриситјанскиот светоглед по однос на клучните онтолошки и метафизички претпоставки.

Од друга страна истиот тој хриситјански светоглед ќе живее и под влијанието на Аристотел. Овој друг умен философ од античка Грција ќе стои на спротивни позиции од својот учител Платон. Тој е емпирист, научник, зоолог, ботаничар, истражувач... а помалку теолог и философ на митови како Платон. За него, како за врвен логичар Бог е само нужна последица на системот. Бог кај Аристотел не е егзистенцијална потреба, туку логичка нужност. Ваквото поимање на божеството, пак, ќе го детерминра Западниот религиозен дух, а со тоа и Западната духовност и култура воопшто.

Спротивставувањето на нивната философија ќе биде препознатлив белег на духовноста на Средниот век, иако заради доминацијата на Западната Црква, долго време Аристотел ќе биде неприкосновениот авторитет во догмата. Догмата ќе се толкува sub specie Aristotelis.

Спротивставувањето на аристотеловци и платоновци, ќе ја достигне кулминацијата, во XV век во учењата на Плитон, Висарион, Схоларий (Генадиј). Но оваа борба помеѓу застапниците на двајцата антички авторитети, ќе започне многу порано, уште во IX век со храброто Фотијево проучување на античката мисла. Со ова Византија станува претходница на Европскиот ренесанс, пет века пред тој да стане доминантна појава на Запад. Нема да изнесеме нов факт ако кажеме дека всушност Византија го шири хуманизмот на Запад, каде овој зема огромен замав. Многу учени доаѓаат од таму да го учат грчкиот јазик во Византија, а и многу Византиски учени предавале на Западните универзитети.

Разликата помеѓу Истокот и Западот е во следново: Западот ќе се пронајде и целосно ќе се исрцпи, т.е. ќе ја живее таа нова духовност, додека на Истокот таа појава ќе биде забележителна, но нема да ја детерминира духовноста, во онаа мера во која тоа е случај на Запад. А и двете средини всушност одговараат на новите предизвици на времето. Имено, религијата веќе не е во состојба да ги апсорбира сите нови духовни движења, да ги одговори отворените прашања. Па така, првобитно одговорот ќе се бара со враќање кон изворите – античка Грција. Се обновува платонизмот, поточно неоплатонизмот, се враќа Аристотел во схоластичката варијанта. Првото ќе ги поттикне мистичките движења, второто рационалната теологија. Првото ќе кулминира во Тома Аквински, второто во Григориј Палама. Западот ќе се обиде сите отворени прашања да ги одговори со разумот, со Аристотеловата логика. Истокот пак, со доживувањето - кое ќе го третира како гносеолошка категорија, под директно влијание на Платон и неговото инсистирање на непосредниот увид како повисок степен на познание

од рационалното. Отворените прашања за Западот ќе станат предизвик за рационалноста, за Истокот за срцето. Најдлабоките религиозни дилеми, Западот ќе сака да ги разреши, Истокот ќе ги стави отаде разумот, не како нерешливи, туку како недостапни за разумот. Аристотел ќе победи на Запад, Платон на Исток. Аквински го прочистува Аристотел и го става во функција на догмата, во учењето на Палама, пак триумфира концепцијата на Платон и неоплатонизмот, прилагодени на догмата. Овој момент на спротивставување на мистичното и рационалното, кој кулминира во т.н. Исихастички спор ќе ја дефинира физиономијата на источната Црква, која дефинитивно, суштински ќе се раздели од Западната, и тоа пред сѐ по менталитетот, по духот, по приодот кон религиозното, а не само по однос на некои канонски, литургиски и други несогласувања. Тоа што христијанството на Исток се одлучува за срцето наместо за разумот, за доживувањето, наместо за рационалното познание, ќе ја спаси од подоцнежните превирања што ќе ја снајдат Западната црква. Успехот на Ренесансот, неопаганизмот, црковнте реформации, всушност се резултат на таа одлука на Западот да му верува на разумот, пред срцето. Овие превирања на Западот конечно ќе доведат на крајот и до протестантската реформација. Ваквите процеси дефинитивно ќе го детерминираат и духот воопшто на Истокот и Западот.

Со тоа што Истокот се решава отворените прашања, поставени пред разумот на тогашниот човек, да ги стави отаде разумот, ја детерминира засекогаш духовната клима како ирационална. На Истокот, кога се зборува за Бога, најдобро е да се молчи. На Запад кога се зборува за Бога, треба тоа и да се докаже. На Западот ќе завладее интелектуалистички реализам, на Исток, мистичен реализам. На Западот Аристотеловата логика ќе го докажува Бог, додека на Истокот Платоновиот увид, како повисок степен од разумското познание, ќе бара да се доживее Бог. Платонизмот, подоцна доследно развиен во еден аспект во неоплатонизмот, на местото на непосредниот увид ќе ја стави екстазата, мистичкиот увид, што конечно ќе триумфира на Истокот во исихастичката традиција во концептот на обожување - можноста за лична средба на човекот и Бог низ мистичкото искуство.

Се покажува дека овие одлуки во средниот век, се онолошкиот фон на кој се градат разликите на Западната и источната култура. Истокот станува контемплативен, а методата му е дедуктивна. Западот е емпириски, а методата му е индуктивна. Истокот е поезија, Западот физика. Истокот е срце, Западот разум. Истокот е копнеж и восхит, Западот е калкулација и резултат. На Истокот никогаш не можеше да никне прагматизмот, позитивизмот и сциентизмот. Западот мораше да заврши во протестантзам.

Капитализмот целиот е во протестантски дух. Благодарение на рационализацијата на религиозното чувство во средниот век со Тома Аквински, Августин и Вилијам Окам, Западот мораше да кулминира во протестантизам, затоа што дури и верата не трпи надворешни авторитети, туѓи на срцето, па макар тоа бил и разумот. Протестантизмот беше нужна реакција на вака сфатената теологија во средниот век на Запад. Затоа и сосема е логично капиталистичкиот дух да биде идентичен на протестанската философија, која се бунтува против авторитетот на Црквата, инсистира на индивидуалноста (наместо личноста) и ја цени слободата „од“ (наместо слобода „за“). Истокот поѓа од „големата слика“ кон деталите, Западот е вкостен во деталите. Затоа и наспроти Марксовите очекувања комунизмот попрво триумфираше на Исток, наместо таму каде што наводно беа „созреани условите за револуција.“ Комунизмот беше прифатен на Истокот како

пророчко исполнување на надежите. Оти Истокот е сиот пророчки, есхатолошки, апокалиптичен. Комунизмот за Истокот беше пред сé сотирологија, а после социјална теорија. Источниот човек живее целосно, магиски, а комунизмот беше токму таква визија – целосна, магиска, сотиролошка. Затоа и речиси немаше интелектуалец во Русија кој не се „фати“ за социјализмот или пак, не се обиде социјализмот да го спои со христијанството – од Достоевски до Берѕаев. Русите и социјализмот го доживуваа религиозно.

Протестантизмот спасението го третира како прашање на одработување и добивање на заслуги за сработеното, а не како дар Божји кој не го добиваме единствено заради нашите напори, туку пред сé заради предобрата волја Господова. Затоа протастантизмот мора да е „фајтерски,“ затоа што мора да си го одработи спасението. Затоа Западот е сиот втурнат во овој свет, затоа што верува дека спасението треба да се заработи уште тука врз основа на сопствениот земен успех, со средства од земјата. Затоа пак, Истокот е вознесен кон небото, затоа што знае дека за спасението се работи овде, но не се добива овде. Истокот ја бара слободата од природниот детерминизам, но ја заработува целосно во натприродното. Источниот човек знае дека сопствената личност се гради овде, но се здобива апсолутно во Христа. За Истокот, Царството не е од овој свет, за Западот тоа се создава во овој свет. Истокот е место на средба на човекот со Бога, живот на човекот во Бога, Западот е докажување на Бога.

Затоа Истокот тешко ќе може да ги сподели вредностите на т.н. Западна Европа, или пак ќе ги сподели само надворешно, формално. За европјаните сме и премногу„ориентални“, за да можат да нé проголтаат. Тие нам нѝ се, пак и премногу ладни и стерилни за да можеме да ги доживееме. Затоа и тешко ќе комуницираме, оти за нас да се комуниицира значи да се доживее. Дијалогот за Истокот е допир на души, мистичко искуство, љубовен однос. За Западот тоа е и премногу утописко, „нерационално“. А тие и тоа како му веруваат на рационалното, му веруваат до стерилност.